Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и втората седница на Владата на**
**Република Северна Македонија, одржана на 27 јануари 2021 година**

**Скопје, јануари 2021 година**

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и втората седница на Владата на**
**Република Северна Македонија, одржана на 27 јануари 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 21:20 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата учествуваа Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа д-р Илир Хасани, заменик на министерот за здравство и м-р Зоран Димитровски, заменик на министерот за локална самоуправа.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија и д-р Драги Рашковски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за набавка на САРС-КоВ-2 инактивирана вакцина (SARS-CoV-2 Vaccine, Inactivated) против COVID-19

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

*　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за набавка на САРС-КоВ-2 инактивирана вакцина (SARS-CoV-2 Vaccine, Inactivated) против COVID-19, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за здравство да спроведе постапка за набавка на 200.000 единечни дози од САРС-КоВ-2 инактивирана вакцина (SARS-CoV-2 Vaccine, Inactivated) против COVID-19 согласно со член 55 став (1) точка г) од Законот за јавните набавки (постапка со преговарање без објавување оглас).

**Точка 2**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 3**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*　　*

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 21:35 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Мухамед Зеќири**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**